**Записник од состанокот на Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на избори или референдум (13.08.2025)**

На 13.08.2025 година, се одржа првиот состанок на Координативното тело кое ќе постапува според Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми за време на изборниот процес за Локалните избори 2025 година. На состанокот учествуваа членовите/членките на телото: Билјана Георгиевска (СЕММ), Оливера Војновска (Метаморфозис), Александра Теменугова (ИКС), Билјана Петковска (МИМ), Емилија Петреска – Камењарова (АВМУ) и Огнен Јанески (ЗНМ), како и заменичката на една од членките: Марина Трајкова (АВМУ).

На состанокот, беше констатирано дека ЗНМ и Метаморфозис номинираа нови членови/замници-членови во Телото поради објективна спреченост на претходните членови. Нов претставнки на ЗНМ е Огнен Јанески, а на Метаморфозис Џенис Сулимани.

Исто така, на местото на починатиот Саше Димовски, за координаторка на Телото беше избрана Билјана Георгиевска од СЕММ, со мандат од 2 години, додека Оливера Војновска од Метаморфозис останува заменичка на координаторката до февруари 2026 година, кога ѝ истекува мандатот од 2 години.

На состанокот беше соопштено дека и други организации изразиле желба да станат членки на Координативното тело со потпишување анекс кон Меморандумот за соработка. Сепак, во дискусија меѓу членовите/членките, беше посочено дека организациите треба да пристапат кон Кодексот, а Телото, по потреба, да се консултира со нив во зависност од нивната експертиза. Овој став произлегува од фактот што во Координативното тело членуваат институции и организации кои се директно поврзани со медиумската сфера и (само)регулацијата. Сепак, доколку некоја организација одлучи да испрати формално барање за членство во Телото, барањето ќе биде разгледано и тогаш ќе биде донесена и крајната одлука.

Членките разговараа и за потребата од спроведување на онлајн кампања со која ќе им се даде поголема видливост и на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми и на Координативното тело, а која ќе вклучи и упатства како граѓан(к)ите ќе можат да поднесуваат претставки до телото. Предвидено е кампањата да биде реализирана во наредниот период, а дополнително Кодексот ќе им биде испратен на сите партии и независни листи и кандидати кои ќе учествуваат во изборниот процес, за да имаат можност да пристапат кон него.

Во остатокот од состанокот беше разговарано дека е потребно да се изменат или допрецизиаат одделни делови од Правилникот за работа на Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на избори или референдум. Конкретно, се разговараше за процесот на одлучување во рамки на телото, при што членките/членовите донесоа заклучок дека за претставките кои ќе стигнат преку Телото, членот/членката кај кој/а ќе се распределат треба да достави назад мислење или препорака, по што Координативното тело ќе ја донесе одлуката во еден и единствен чекор, наместо второстепеното да постапува во однос

на членовите/членките, што се јави во текот на минатиот изборен циклус. Останатите измени од Правилникот за кои беше дискутирано на состанокот беа од техничка природа.

Скопје,

21.08.2025 година

**Координативно тело**

**за следење на почитувањето на начелата и стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**

**Координаторка**